ИПА II Програма за прекугранична соработка

**СРБИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Добри пријатели, нови можности

Република Србија

Република Северна Македонија

Оваа програма е финансирана од Европската Унија

ШансаЗаТебе

# Е- информативен сет – вработување компаративна анализа

## Северна Македонија- Србија

KNOWLEDGE CENTER

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

ARRA

Centar za razvoj Jabličkog i Pčinjskog okruga

# Е- информативен сет – вработување компаративна анализа

## прекуграничниот регион

## Северна Македонија- Србија

Овој прирачник е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Центарот за управување со знаење од Скопје, Република Србија, Центарот за развој на Скопскиот плански регион, Република Србија, Центарот за развој на областите Јабланица и Пчиња од Лесковац, Србија и на Општина Власотинце, Србија и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

**МАПИРАЊЕ НА ПАЗАР НА ТРУД**

## Законска регулатива во Република Северна Македонија

Во зависност од типот на вработување, соодветна законска регулатива е надлежна.

Вработувањето во приватниот сектор генерално се води од 4 законски решенија каде се пропишани начинот на вработување, условите и обврските за секоја од страните.

- **Закон за работните односи**
- **Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност**
- **Закон за облигационите односи (Договор за дело)**
- **Закон за авторско право и сродни права**

Дополнително, под одредени услови може да се ангажираат лица согласно законите за *волонтерство* и *практикантство*.

**Закон за работните односи** е основен закон со кој вработува приватниот сектор во Република Северна Македонија. Законот беше донесен во 2005 и последен пат дополнет во мај 2023 година.

*Договор за вработување (член 13)*

Страни на договорот за вработување се *работодавачот* и *работникот*, со што се заснова работен однос меѓу работникот и работодавачот.

*Најмала возраст (член 18)*

Младо лице со наполнети 15 години. Како младо лице се смета секое лице кое може да склучи договор за вработување, кое има најмалку 15 години возраст, а под 18 години возраст, и кое не е опфатено во задолжително образование, за извршување на работи кои не се штетни по неговото здравје и безбедност.

*Како да вработите?*

Работодавачот потребата од работници ја обезбедува преку:

1) огласување на јавен оглас во дневниот печат или во други средства за јавно информирање печатени или електронски на товар на работодавачот;

2) објавување во службата надлежна за посредување при вработување, без наплата, во согласност со закон;

3) посредување на службата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица и

4) агенција за посредување при вработување, со наплата од работодавачот, во согласност со закон, со претходно внесување на јавниот оглас во електронскиот систем на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

*Содржина на договорот за вработување (член 28)*

- основни податоци за договорните страни
- датум на стапување на работа
- назив на работното место

- обврски за договорните страни
- висина на плата и надоместоци
- одредби за годишен одмор, работно време, полно или скратено работно време
- останати одредби согласно правилници и акти (пр. колективен договор)

*Каков тип на договор за вработување може да се склучи?*

- Договор за вработување на определено време (член 46)
- Договор за вработување со неполно работно време (член 48)
- Договор за вработување со неполно работно време со повеќе работодавачи (член 49)
- Договор за вработување со вршење на работа од дома (член 50- 52)
- Договор за вработување на деловни лица (менаџерски договор) – (член 54-55)

Сезонска работа (член 47)

- не надминува осум месеци во период од 12 последователни месеци

*Приправнички стаж, волонтерски стаж и пробна работа*
*(56- 61)*

- Приправнички стаж (најмногу 1 година, износ на плата не помалку од 70% од основната плата за која се оспособува)
- Пробна работа (најмногу 4 месеци, за сезонска работа 3 дена)
- Волонтерски стаж (одредбите се исти како за приправнички стаж)

*Начини на престанување на важноста на договорот за вработување (член 62)*

- со изминување на времето за кој бил склучен;
- со смрт на работникот или работодавачот;
- поради престанување на работодавачот согласно со закон;
- со спогодбено раскинување;
- со отказ;
- со судска пресуда и
- во други случаи утврдени со закон

*Отказен рок (член 88)*

Работникот- до 1 месец, но не повеќе од 3 месеци

Работодавачот – 1 месец , за сезонски работник 7 дена.

*Работно време (член 116)*

Полно работно време не повеќе од 40 часа, и не помалку од 36 часа неделно.

*Членовите 116- 131 го регулираат скратеното време, дополнително работно време, прекувремена работа и ноќна работа.*

*Неделен одмор (член 134)*

Ден на неделен одмор е недела, со исклучок на дејностите спомнати во истиот член.

*Годишен одмор (член 137)*

Минимум 20 дена до 26 дена согласно договор со работодавачот. Право е само за оние кои имаат непрекината работа од најмалку шест месеца кај ист работодавач.

*Образование на работниците (член 154-155)*

Право на образование и право на платено отсуство од работа заради образование

*Платата на работникот за работа со полно работно време <u>не може</u> да биде пониска од минималната плата утврдена според закон за минимална плата (член 107).*

Висината на минималната плата е утврдена согласно [Закон  за минимална плата], и не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика. Во последните 9 месеци од 2023, износот на основната минимална плата е: 20,175 МКД (~330 евра) или бруто 29,739 МКД (~485 евра).

| **Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување** | |
|---|---|
| Придонеси за задолжително ПИО | 18.80% |
| Придонеси за задолжително здравствено осигурување | 7.50% |
| Придонес за осигурување во случај на невработеност | 1.20% |
| Дополнителен придонес за задолжително осигурување во случај повреда или професионално заболување | 0.50% |
| Месечно лично ослободување 9540 денари (~152 евра) денари за 2024 година, се објавува од страна на УЈП | |
| Данок на личен доход | 10.00% |

**Закон за облигационите односи (Договор за дело)**

*Договор за дело (член 619)*

Со договор за дело, вршителот на работата (претприемач, изведувач на работи) се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му плати надомест.

*Примена на одредбите од Законот за договор за дело (член 870)*

Кога е договорено дека посредникот ќе има право на определен надомест и ако неговото настојување остане без резултат, за таквиот договор ќе се суди според одредбите што важат за договорот за дело.

*Напомена*: Не се смета како Договор за вработување, се плаќа само данок на личен доход по стапка од 10%, согласно Закон за данокот на личен доход (член 11).

**Закон за авторско право и сродните права (115/2010,** 140/2010, 51/2011, 147/2013, 154/2015, 27/2016**)**

***Што е авторско дело? (член 12)***

Авторско дело е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма. Како на пример:

1) пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
2) компјутерска програма, како пишано дело;
3) говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);
4) музичко дело, со или без текст;
5) драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело;
6) фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;
7) аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);
8) дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);
9) дела од архитектурата;
10) дела од применетата уметност и дизајнот и
11) картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.
Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со овој закон.

*Поим на автор, авторство, коавтори (член 17-19)*

Автор е физичко лице кое го создало авторското дело. На авторот му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото.

Авторското право на дело создадено во соработка на две или повеќе лица, им припаѓа на сите тие лица (*коавтори*).

*Надоместок (член 3)*

Авторот, односно носителот на сродно право, има право на правичен надомест за секој вид користење на авторското дело, односно предметот на сродно право

*Напомена*: Не се смета како Договор за вработување. Под доход од авторски и сродни права се подразбира надоместокот што го остварува обврзникот од авторски дела и предмети на сродни права уредени со Законот за авторското право и сродните права. Обврзник на данокот на доход од авторски и сродни права е физичко лице кое остварува надоместок од авторски и сродни права, како и физичко лице наследник или носител на авторски и сродни права. Во согласност со Закон за данокот на личен доход (член 40), за пресметување на *данокот на доход од авторски и сродни права,* се пресметува стапка од 10% на остварениот надоместок, намален за износот на нормираните трошоци. Висината на намалување на нормираните трошоците варира од 20-50% согласно членот 40, од Закон за данокот на личен доход.

## Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

Со Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица и други лица кои бараат работа.

Стручните, организациските, административните и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност ги врши ***Агенцијата за вработување*** на Република Северна Македонија.

Работодавачот, потребата од работник може да ја задоволи со посредување на Агенцијата преку доставување на *пријава за потреба од работник*.

### Агенцијата дава совети на работодавачите (член 13)

- содржината на законите и прописите;
- правата, обврските и одговорностите на работодавачите и работниците, заради правилна примена на прописите и заштита на правата на работодавачите и работниците;
- обука на работодавачите за начинот на пополнување и доставување на обрасците и документите што треба да ги достават до Агенцијата;
- начинот на објавување на слободните работни места и начинот за пријавување и одјавување на работниците во Агенцијата.

### Обука, преквалификација и доквалификација (член 14)

Агенцијата ги утврдува потребите на работодавачот од работници и на невработените лица за вработување што треба да се вработат со обука, преквалификација или доквалификација и ги информира невработените лица и работодавачите за потребите, условите и начинот на организирање на обука, преквалификација или доквалификација.

## Закон за практикантство (98/2019)

Дефиниции (член 2):

**Практикантска работа** е ограничен период поминат на пракса на практикант кај работодавач.

**Практикант** е физичко лице кое врши практикантска работа кај работодавач со цел да се стекне со
практични знаења и вештини што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот.
**Работодавач** е правно и физичко лице, како и друг субјект (орган на државна власт, орган на единица на локалната самоуправа, подружница на странско друштво, дипломатско и конзуларно претставништво), кој вработува работници врз основа на договор за вработување.
**Ментор** е лице вработено кај работодавачот кое е задолжено за организирање на практикантската работа и следење на напредокот на практикантот и кое го осигура остварувањето на целите за учење за време на практикантската работа.

*Услови (член 3):*
- да не е во работен однос

- да не е постар од 34 години
- да има завршено најмалку основно образование

*Времетраење на практиканството (член 6)*

Периодот на траење на практикантска работа кај еден работодавач може да изнесува до шест месеци.

Број на практиканти- во согласно од број на вработени на неопределено време (член 7, табела)

Надомест - од 42% до 74% од минималната нето плата, утврдена согласно со закон, за практикантска работа до три месеци и - во висина на минималната нето плата утврдена согласно со закон, за практикантската работа над три месеци, сметано од четвртиот месец.

*Договор за практикантска работа (член 12)*

- Се потпишува договор за практикантска работа
- Договорот за практикантска работа за лице помладо од 18 години го потпишуваат практикантот, неговиот родител/старател и работодавачот.

*Евиденција (член 15)*

Работодавачот е должен да води евиденција на работните часови на практикантот, согласно со евиденцијата за работното време за вработените.

*Надзор и инспекција (член 18)*

Надзор над спроведувањето врши Министерството за труд и социјална политика, додека инспекцискиот надзор го врши Државниот инспекторат за труд.

**Закон за волонтерството (85/2007, 161/2008 и 147/2015, 124/2019, 103/2021)**

*Дефиниција (член 3)*

Доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.

***Волонтерство не е исто како волонтерски стаж од ЗРО.***

*Кој може да биде волонтер? (член 5)*

- Домашно и странско физичко лице
- Волонтер може да биде и малолетно лице (15-18 години) со писмена согласност од неговите родители или старатели.

*Организатори (член 6)*

здружение на граѓани и фондација,

- верска заедница и религиозна група,

- јавна установа

- орган на државна власт и

- единица на локалната самоуправа и градот Скопје.

Државјанин на Република Северна Македонија може да волонтираат во други држави, согласно
со прописите на државата во која волонтира и ратификуваните меѓународни договори. (член 7)

Странско лице може да волонтира во Република Македонија врз основа на претходно обезбедена согласност од Министерството за труд и социјална политика и регулиран престој во Република Северна Македонија. (член 8)

*Дали волонтерот има право на надомест? (член 10)*

Да, на однапред договорените трошоци поврзани со волонтерството (трошоци за храна, трошоци за превоз до и од местото на волонтирањето, трошоци за службени патувања и трошоци за обука) најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во исплатена на државно ниво за претходната година, а трошоците за службени патувања и трошоците за обука, се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.

Странски физички лица, покрај горенаведените, имаат право и на трошоци за престој, здравствено осигурување и повратни патни трошоци.

*Евиденција, волонтерска книшка и надзор (член 19,20,21)*

Организаторот на волонтерската работа е должен да води евиденција на волонтерската работа за сите волонтери.

Волонтерската книшка содржи податоци за видот и времетраењето на волонтерската работа и видот на обуката за која волонтерот се оспособил за времетраењето на волонтирањето.

Надзор над спроведувањето врши Министерството за труд и социјална политика, додека инспекцискиот надзор го врши Државниот инспекторат за труд.

## Законска регулатива во Република Србија

Вработувањето во приватниот сектор генерално се води од 4 законски решенија каде се пропишани начинот на вработување, условите и обврските за секоја од страните.

- Закон за работните односи
- Закон за поедноставено работно ангажирање за сезонски работи во определени дејности
- Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност
- Закон за авторско право и сродните права

### Закон за работните односи (24/2005-3, 61/2005-69, 54/2009-26, 32/2013-13, 75/2014-3, 13/2017-64)

Закон за работните односи е основен закон со кој вработува приватниот сектор во Република Србија. Законот беше донесен во 2005 и последен пат дополнет во 2018 година.

***Договор за вработување (член 1)***

Правата, обврските и одговорностите од работниот однос се уредуваат со колективен договор и договор за вработување, и со правилник доколку е одредено. Работниот однос се заснова со потпишување на Договор за вработување, кој се смета за склучен доколку е потпишан од вработен и работодавач. (член 30)

***Најмала возраст (член 24)***

Младо лице со наполнети 15 години. Како младо лице се смета секое лице кое може да склучи договор за вработување. Вработените под 18 години и оние со инвалидитет имаат право на посебна заштита во склад со овој закон. (член 12)

Како да вработите? (член 34 и член 35)

Работодавачот, потребата од работници може да ја обезбеди:

- Со барање од Националната служба за понуда на избор на лица за работен однос;
- Самостојно да одлучи околу изборот за лица кои планира да ги вработи или работно ангажира;
- Вработи лица без посредство на Националната служба или Агенциите.

Притоа, работодавачите се должни да обезбедат еднаков третман на лицата кои се пријавиле на разговор за работа, како и да достави известување за интервју за вработување на барање на Националната служба или невработениот со кој е направено интервју за работа.

***Содржина на договорот за вработување (член 33)***

- основни податоци за договорните страни
- датум на стапување на работа
- назив на работното место
- обврски за договорните страни
- висина на плата и надоместоци
- одредби за годишен одмор, работно време, полно или скратено работно време
- останати одредби согласно правилници и акти (пр. колективен договор)

***Пробна работа? (член 36)***

Пробната работа може да трае најдолго 6 месеци.

***Каков тип на договор за вработување може да се склучи?***

- Договор за вработување на определено време. Максимално 24 месеци (член 37)
- Договор за вработување со неполно работно време (член 39- 40)
- Договор за вработување со неполно работно време со повеќе работодавачи (член 41)
- Договор за вработување со вршење на работа надвор од просториите на работодавачот (член 42)
- Договор за права и обврски на директори – (член 48)

***Сезонска работа***

Сезонската работа е регулирана со Закон за поедноставено работно ангажирање за сезонски работи во определени дејности (50/2018) . Согласно член 4 од овој закон, сезонската работа не е во склоп со законот за работни односи.

Се однесува на дејностите во Земјоделие, шумарство и рибарство.(член 1)

Сезонски работник е физичко лице кое е ангажирано од страна на работодавач за вршење на сезонски работи за определен надомест. (член 3)

Сезонските работници имаат право на здравствено осигурување само во случај на повреда на работа или професионални заболувања, како и право на пензиско и инвалидско осигурување. (член 10)

Стапките се утврдени согласно член 17 од Законот.

| | |
|---|---|
| Персонален данок | 10% |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 26% |
| Здравствено осигурување | 2% |

Основицата се пресметува како износ од триесетиот дел од износот на најниската месечна основица за придонеси (член 18).

За време на вршењето на сезонските работи, сезонскиот работник не се брише од евиденцијата на невработени, ниту се прекинува паричен надомест доколку има право на таков надомест. (член 9)

Работодавачите можат да ангажираат сезонски работници за времетраење од 180 дена (6 месеци) во текот на календарска година, додека еден ист сезонски работник може да биде ангажиран 120 дена. (член 15)

***Приправнички стаж (член 47) и (член 109)***

- Приправнички стаж (најмногу 1 година, има право на износ на плата не помалку од 80% од основната плата за која се оспособува)

***Начини на престанување на важноста на договорот за вработување (член 175)***

- со изминување на времето за кој бил склучен или пензионирање;
- со смрт на работникот или работодавачот;
- поради престанување на работодавачот согласно со закон;
- со спогодбено раскинување;
- со отказ;
- со судска пресуда и
- во други случаи утврдени со закон.

***Отказен рок (член 178)***

Најмалку 15 дена пред кој вработениот го навел како последен работен ден. Со договор, може да се утврди и подолг отказен рок, но не подолг од 30 дена.

***Работно време (член 51)***

Полно работно време не повеќе од 40 часа и не помалку од 36 часа неделно.

Членовите 51- 63 го регулираат скратеното време, дополнително работно време, прекувремена работа и ноќна работа.

***Неделен одмор (член 67)***

Ден на неделен одмор е по правило недела.  Во согласност со природата на работата, работодавачот може да определи и друг ден.

***Годишен одмор (член 68-69)***

Минимум 20 дена согласно договор со работодавачот. Добиваат одмор од 1/12 од 20 за секој месец непрекината работа.

***Образование на работниците (член 49)***

Право на образование и право на платено отсуство од работа заради образование.

***Минимална плата***

Платата на работникот за работа со полно работно време не може да биде пониска од минималната плата утврдена според одлука на Социјално-економскиот совет или Влада (член 111).

Висината на минималната плата (без придонеси) утврдена за 2024 година е предвидена на 47,154 динара месечно (~401 евра) .

***Договори надвор од работен однос (Договор за дело)- (член 199)***

Работодавачите можат да склучат и Договор за дело, но не подолго од 120 работни дена во текот на една календарска година.

- Самостојна изработка или поправка
- Самостојно извршување на одредена физичка или интелектуална работа
- Лица кои обавуваат уметничка или друга дејност во областа на културата

**Закон за практикантство (нацрт верзија)**

Законот за практикантство во Република Србија е во нацрт верзија, и се очекува негово воведување за прв пат.

***Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност*** (36/2009, 30/2010 (др. закон), 88/2010-186, 38/2015-24, 113/2017-192 (др. закон), 113/2017-274, 49/2021-3)

Работите за вработување во Република Србија ги врши Националната служба за вработување и агенциите за вработување. (член 7)

Работите околу вработувањето кои ги вршат Националната служба и агенциите се наведени во членот 6.

1. Известување во врска со известувањата за можностите и условите за вработување;
2. Посредување при вработување во земјата и странство;
3. Професионална ориентација и кариерно советување;
4. Спроведување на мерките за активни политики за вработување;
5. Издавање на дозволи за работа на странци и лица без државјанство согласно закон.

**Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување (84/2004, 61/2005, 62/2006, 5/2009, 52/2011, 101/2011, 47/2013, 108/2013, 57/2014, 68/2014 (др. закон), 112/2015, 113/2017, 95/2018, 86/2019, 153/2020, 44/2021, 118/2021, 138/2022, 92/2023)**

| | |
|---|---|
| Придонеси за задолжително ПИО | 24% |
| Придонеси за задолжително здравствено осигурување | 10.3% |
| Придонес за осигурување во случај на невработеност | 0.75 % |
| Данок на личен доход | 10.00% |
| Даночно ослободување 25,000 динари , според Законот за данок на доход на граѓаните (член 15а). | |

*Напомена*: Даночната регулатива во Република Србија предвидува дел од плаќање на придонесите од страна на работодавачите, а дел од страна на вработените, што не е случај во Република Северна Македонија каде придонесите во целост ги исплаќа работодавачот.

**Закон за авторско право и сродните права (104/2009, 99/2011, 119/2012, 29/2016, 66/2019)**

***Што е авторско дело? (член 2)***

Авторското дело е оригинална духовна творба на авторот, изразена во одредена форма, без оглед на неговата уметничка, научна или друга вредност, неговата цел, големина, содржина и начин на изразување, како и допуштањето на јавно соопштување на неговата содржина. Како на пример:

1) пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
2) говорно дело;

3) драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело, како и дела од фолклорот;
4) музички дела, со зборови или без зборови;
5) филмска дела (кинематографска и телевизиска дела);
6) ликовна уметност (слики, цртежи, скици, графикони, скулптури и др.);
7) дела од архитектурата, применета уметност и индустриски дизајн;
8) картографски дела (географски и топографски карти);
9) планови, скици, макети и фотографии;
10) театарска режија.

*Поим на автор, авторство, коавтори (член 9-13)*

Автор е физичко лице кое го создало авторското дело. На авторот му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото.

Авторското право на дело создадено во соработка на две или повеќе лица, им припаѓа на сите тие лица (*коавтори*).

*Надоместок (член 19)*

Авторот има право на економска експлоатација на неговото дело, како и на делото создадено со обработката на неговото дело. За секое искористување на авторското дело од страна на друго лице, авторот има право на надоместок, освен ако со овој закон или договор поинаку не е определено.

*Напомена*: Не се смета како Договор за вработување. Под доход од авторски и сродни права се подразбира надоместокот што го остварува обврзникот од авторски дела и предмети на сродни права уредени со Законот за авторското право и сродните права. Обврзник на данокот на доход од авторски и сродни права е физичко лице кое остварува надоместок од авторски и сродни права, како и физичко лице наследник или носител на авторски и сродни права. Во согласност со Закон за данок на доход на граѓаните (член 58), за пресметување на *данокот на доход од авторски и сродни права,* се пресметува стапка од 20% на остварениот надоместок, намален за износот на нормираните трошоци. Висината на намалување на нормираните трошоците варира, и е прикажана за соодветните дејности во (член 56) од Закон за данок на доход на граѓаните.

### *Закон за волонтерството (36/2010)*

*Дефиниција (член 2)*

Волонтирањето се смета за организирано доброволно пружање на услуги и обавување на активности од општ интерес за општо добро или за добро на други лица без исплата на паричен надомест или други користи, освен оние определени со закон.

Волонтирањето може да биде краткорочно и долгорочно. За долгорочно се смета доколку се волонтира повеќе од 10 часа неделно, најмалку 3 месеци без прекин.

*Кој може да биде волонтер? (член 4)*

Волонтер може да биде домашно или странско физичко лице со наполнети најмалку 15 години (за лица под 18 години потребна е родителска согласност).

*Организатори (член 4)*

Организатор на волонтирањето може да биде правно лице чија главна цел е во согласност со основачкиот акт и да не остварува добивка.

Под одредени правила на овој закон, организатор може да биде и приватна фирма, јавно претпријатие, како и институциите во склоп на државната управа. Приватните и јавни правни лица е потребно да обезбедат согласност од Министерството за труд пред да започнат со волонтерски активности. (член 14)

*Дали волонтерот има право на надомест? (член 10)*

Волонтерот нема право на надомест, освен за некои категории кои не се сметаат за надомест, како на пример обука, патувања, работно одело и слично.

Исто така, за долгорочните волонтери се исплаќа џепарлак чиишто месечен износ не може да биде поголем од 30% од нето износ на минималната месечна плата за полно работно време во Република Србија.

*Евиденција, волонтерска книшка и надзор (член 28)*

Писмен договор е задолжителен за долгорочно волонтирање. Организаторот е должен да води евиденција.

## ПРИЛОЗИ

**База на податоци со сите наведени и опфатени закони**

**Ексел документ со компаративна пресметка на сите доприноси за вработување во двете земји.**

ШансаЗаТебе

KNOWLEDGE CENTER

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

ARRA

Centar za razvoj Jablaničkog i Pčinjskog okruga